„Забрането ни беше (нам, на жените) да следиме џенази, но забраната не беше строго изречена.“

Уму Атија, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Забрането ни беше (нам, на жените) да следиме џенази, но забраната не беше строго изречена.“

[صحيح] [متفق عليه]

Уму Атија ел-Енсарија, Аллах нека е задоволен со неа, објаснува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им забранил на жените да ги следат џеназите. Причината за тоа е стравот од фитна – и за нив и од нив – поради нивната природна чувствителност и потешкото поднесување на ваквите тажни моменти. Потоа таа појаснува дека забраната не била со иста строгост како другите јасно забранети дела.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3228